РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12 - 942/4
03 -08- 2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на 50-тата седница одржано на ден 23.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето на ДКСК по предмет оформен по пријава број 12-942/1 од 11.02.2020 година поднесена од познат подносител – ------------------------ од ----------- до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата и дополнителната документација утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 12-942/1 од 11.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-942/1 од 11.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ------------ од -----------.

Пријавата претставува жалба против одлука на ЈУДГ ------------------------------ од 20.01.2020 година, односно копија од жалбата поднесена до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, како и до Управниот одбор на градинката. Како што е наведено во пријавата, по интерен оглас за унапредување на 4 (четири) лица на неопределено време објавен на ден 27.12.2019 година, на ден 30.01.2020 година е донесена одлука за избор на кандидати и незадоволен од ова решение подносителот поднесува жалба поради погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на одредбите од процесното и материјалното право. Подносителот наведува дека ги исполнувал сите општи и посебни услови за вработување на работно место воспитувач – ментор.

Во пријавата се наведува дека донесеното решение е необразложено, е нејасно и неосновано, бидејќи во ниту еден дел во одлуката не се наведуваат причините зашто насловот одлучил да го избере избраниот кандидат за работното место воспитувач – ментор. Во одлуката за избор е наведено дека истата е донесена врз основа на записникот бр.0401-11/3 од 27.01.2020 година за ранг листа изготвена од страна на комисијата кој записник не им е

доставен на кандидатите, ниту пак бил објавен за да можат кандидатите да видат поени и ранг листа на кандидати. Подносителот наведува дека во потполност ги исполнувал општите и посебните услови, односно има диплома за професор во предучилишно воспитание, 33 години и 3 месеци работен стаж и дисциплинска мерка никогаш не му е изречена. Подносителот изразува сомневање како е извршена селекцијата затоа што како што наведува од Комисијата при вршење на административна селекција на кандидатите и на интервјуто добила позитивен одговор и затоа смета дека ова одлука е неоснована.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет Државната комисија писмено се обрати до ЈУДГ ------------------------------------ со барање за доставување информација со прилог документација за спроведената постапка по објавениот интерен оглас за унапредување, евентуални жалби во постапката и одлуки донесени по истите.

Во предвидениот законски рок без изјаснување од страна на одговорното лице се доставени списи од спроведена постапка и тоа: согласност од Министерство за финансии, интерен оглас, одлука, записник од разгледување документи, записник од интервју, одлука за избор на кандидат, документи од избран кандидат. Воедно, во прилог е доставено и решение од Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен со кое горенаведената жалба се одбива како неоснована, а се наведува дека имајќи ги предвид изведените докази и преземените дејствија во постапката, комисијата оценила дека жалбените наводи се неосновани и не се од влијание за утврдување на поинаква фактичка состојба од онаа која е утврдена во спроведената постапка, а првостепениот орган постапил во рамки на ингеренциите и овластувањата кои му се утврдени со закон, правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалното право.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што постапил надлежен орган и донел одлука во рамки на своите надлежности.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**